Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 04.06.2020

Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при Министерството за внатрешни работи поднесе кривична пријава против Л.Л.(35) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци", казниво по член 149 од Кривичниот законик. Пријавениот, на 27 и 28.01.2020 на социјалната мрежа Фејсбук објавил фотографии од неговата поранешна девојка, без нејзино знаење. Исто така, додека бile во врска, без дозвола влегол на нејзиниот профил на „Вибер" и инсталирал на неговиот персонален компјутер.

На 03.06.2020 околу 17 часот, на регионалниот пат Тетово-Јажинце, во Лешок, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода А.Ј.(19) и Ќ.Ф.(20), двајцата од тетовско Одри, затоа што при нивен и преглед на возилото „хонда", со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезуваше, била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе следува поднесок.

На 03.06.2020 околу 20.30 часот, на ул.„Браќа Ѓиновски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода Б.А.(22), А.Ј.(21) и А.А.(22) од Гостивар, затоа што при нивен и преглед на возилото „ауди", со скопски регистарски ознаки, во кое се превезуваше, била пронајдена марихуана. Тројцата се задржани во Полициската станица Гостивар за расчистување и документирање на случајот, по што ќе следуваат поднесоци.

На 03.06.2020 во 08.00 часот било пријавено дека во с.Сарај патничко возило „фолксваген пасат", со тетовски регистарски ознаки, управувано од И.Б.(37) од Скопје, удрило во бетонски ѕид и во патничко возило „сеат алтеа", со скопски регистарски ознаки, сопственост на МВР, а управувано од Ф.Ф.(35) од Скопје. Во незгодата Ф.Ф. се здобил со тешки телесни повреди, а сопатникот од истото возило Е.Д.(23) се здобил со телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза", каде бile пренесени за укажување на лекарска помош. Возачот И.Б. се здобил со телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 03.06.2020 во 15.00 часот било пријавено дека на патот од Средно Водно кон Сопиште се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл, со скопски регистарски ознаки, управуван од П.С.(22) од Скопје и велосипед, управуван од Б.П.(32) од Скопје. По незгодата, двајцата биле пренесени во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош, каде им биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 03.06.2020 во 13.00 часот било пријавено дека во Главниот метеоролошки радарски центар – Ѓуриште, Г.И.(58) од Куманово и М.С.(64) од Скопје, вработени во Дирекцијата за заштита и спасување, се здобиле со повреди при експлозија на противградна ракета. Според пријавеното, тие имале задача да подигнат 11 противградни ракети со изминат рок или неисправни. При обид на Г.И. да извади една од нив, таа експлодирала и ги повредила двајцата. Тие биле пренесени во Медицинскиот центар Куманово за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Свети Николе.

На 03.06.2020 во 09.10 часот во Полициската станица Аеродром С.Д.(65) од Скопје пријавила дека на ул.„Бојниќа" била касната од кучиња скитници.

Во текот на 03.06.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се еден возач, затоа што управувал возило без да се стекне со право на управување на моторно возило, еден возач бидејќи поминал на црвено светло и 46 возила се подигнати со специјално возило „лајак".

На 03.06.2020 во 10.50 часот во Полициската станица Ѓорче Петров А.С.(79) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров" бил каснат од куче скитник.

На 03.06.2020 во 19.50 часот во СВР Скопје, В.В. од с.Бардовци, скопско, пријавил дека околу 16.00 во дворот од семејната куќа настанал пожар во патничкото возило „мерцедес". Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид ќе се врши во текот на денот.

На 04.06.2020 во 04.50 часот во СВР Скопје, П.Т.(19) од Скопје пријавил дека околу 03.10 часот на ул.„Георги Димитров" бил физички нападнат од Н.А. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.06.2020 во 14.50 часот во СВР Скопје, Ф.Д.(40) од Скопје пријавил дека околу 14.00 часот во угостителски објект на ул.„Мирослав Крлежа" бил физички нападнат од Г.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.06.2020 во 16.22 часот во СВР Скопје, Т.Д.(49) од с.Петровец, скопско, пријавил дека околу 08.00 часот на автобуска постојка во с.Петровец бил нападнат со метален предмет од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.06.2020 во 16.30 часот во СВР Скопје, Р.Д.(36) од Скопје пријавил дека на 02.06.2020 околу 13.30 часот, додека бил заедно со М.М.(34) од с.Беловиште, тетовско и Г.Д.(28) од Скопје, во патничко возило „бмв Х5", со скопски регистарски ознаки, во близина на клучката кон С.Горно Коњари на автопатот Миладиновци, им бил попречен патот од патничко возило „ауди А4", со велешки регистарски ознаки и патничко возило „голф 5", со непознати регистарски ознаки, од каде излегле Ф.Ф., Е.Ф. и уште едно лице и истите им упатувале закани и физички ги нападнале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.06.2020 во 23.40 часот, Р.М.(39) пријавила дека во неколку наврати била следена од непознати лица. Имено, според пријавителката на 03.06.2020 околу 18.00 часот пред училиште во населбата Синѓелиќ, додека била на состанок на политичка партија, возило „голф", со кумановски регистарски таблички, во повеќе наврати кружело околу местото. Истот ден, околу 19.00 часот, на дворот состанок во Младорум клуб, две непознати лица ја фотографирале со телефони и побегнале, а потоа во 20.30 часот пријавителката се упатила кон својот дом на ул.„Орце Николов" и кога излегла од возилото пред влезот на зградата ја дочекало непознато лице ја фотографирало и веднаш побегнало. Според пријавителката, и на 01.06.2020 околу 19.20 часот на крстосницата на бул.„Илинден" со ул.„Никола Тесла" од патничко возило „ауди" излегол сопатникот, се упатил кон нејзиното возило, упатувајќи закани. Исто така, пријавителката навела дека и претходните месеци во неколку наврати била следена од возила (цврн џип и голф), а пак, во периодот јануари/февруари годинава, во неколку наврати непознати лица во доцните ноќни часови помеѓу 00.00-03.00 часот звонеле и тропале на вратата од нејзиниот стан. Во целиот овој период пријавителката навела дека во повеќе наврати добивала пораки на Фејсбук со заканувачка и навредлива содржина, кои дополнително ќе ги приложела.

На 04.06.2020 во 00.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на 03.06.2020, во периодот од 22.30 до 23.00 часот, непознато лице фрлило јајца на фасадата на предниот дел од објектот на Влада на РСМ. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителот.

На 03.06.2020 во 16.10 часот во СВР Скопје, Б.Б.(28) од Скопје пријавил дека во с.Патишка Река бил каснат од кучиња, сопственост на Б.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.П.(18) од с.Вешала, тетовско, А.И.(17) од с.Мерово, тетовско, А.С.(20) од с.Камењане, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „разбојништво" и „тешка кражба", против М.А.(22) од с.Боговиње, тетовско и Д.С.(23) од с.Камењане, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба". Прво, второ и третопријавениот на 05.01.2020 на ул.„Маршал Тито" се качиле во такси возило и откако пристигнале на местото, со закана со нож, од возачот одзеле пари. Прво, второ и третопријавениот на 05.01.2020 на ул.„Маршал Тито" се качиле во друго такси возило и на ист начин и од овој возач одзеле пари и побегнале. Трето и четвртопријавениот на 04.03.2020 на крстосница од ул.„Маршал Тито" и „Јане Сандански" се качиле во такси возило и откако пристигнале на бараната локација, со употреба на сила, од возачот одзеле пари.

На 03.06.2020 во 21.35 часот во СВР Скопје, С.П.Ф.(64) од Скопје пријавила дека на бул. „АВНОЈ" била касната од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.Ц.(17) од с.Долна Лешница, тетовско, М.И. (31) од с.Орашје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „тешка кражба" и „тешка кражба во обид", против С.А.(52) од с.Стринница и А.А.(67), од истото тетовско село, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „прикривање". Имено, Р.Ц. и М.И. во февруари и март 2020 година, со употреба на предмет и физичка сила, влегле во куќа во с.Долна Лешница и одзеле лаптоп компјутер, неколку мобилни телефони и други технички апарати. Одземените предмети тие ги преподале на С.А. и А.А., кои знаеле дека потекнуваат од извршени кривични дела.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Б.А.(25) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување лице во вршење службено дејствие" и М.Г.(20) и А.Г.(19), двајцата од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 17.05.2020 во 23.50 часот во дворот на ул.„Г.А.Гочо", Б.А. со употреба на физичка сила спречил полициски службеник во постапување по пријава за нарушен јавен ред и мир со пуштање гласна музика, додека М.Г. и А.Г. со секири упатиле закани кон полициските службеници.

На 03.06.2020 во 18.00 часот во СВР Скопје, Н.Ј.(26) од Скопје пријавила дека на ул. „Кичевска" била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Н.С.(35) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги психотропни супстанции и прекурсори". На 13.12.2017 на паркинг на ул.„Илинденска" полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против К.Н.(24) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 07.06.2019 на ул.„Рајко Жинзифов", полициски службеници се обиделе да го легитимираат пријавениот, но тој не застанал, при што фрлил две пакувања со марихуана и побегнал. При преглед на местото на настанот марихуана била пронајдена и одземена.

СВР Штип, СВР Куманово и СВР Битола поднесоа 19 кривични пријави против: И.Д.(19), С.Г. (19), С.Т.(66), сите од Свети Николе, В.М.(48) од Облешево, Ф.Х.(20) од с.Сопот, кумановско, Ј.Т.(32), М.А.(28), Ф.Б., К.С.(27), П.К.(37), Т.С.(42), В.Ц.(42), М.Г.(29), Е.И.(61), Ј.Ј.(28), М.С.(38), В.П.(32), Д.Р.(45), сите од Битола, М.Ѓ.(26) од Горно Оризари, битолско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените ќе се придржуваат кон воведената мерка за ограничено движење.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против правно лице – угостителски објект од Делчево и Н.Д.(43) од Делчево - управител во правното лице, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 19.05.2020 во 14.10 часот на ул.„Никола Јонков Вапцаров" на терасата од угостителскиот објект на четири маси биле затекнати осум лица кои биле послужени со храна и пијалак, во моментот кога на сила била забрана за работа на кафетерии, барови, клубови, казина, согласно одлука на Влада.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (02) 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет